



## КУРШУМЛИ АН - ТОДОР ШВРАКИЌ

Тодор Швракиќ (Todor Švrakić), роден во 1882 година во Приедор (Prijedor), е босанскохерцеговачки сликар и еден од најдобрите балкански акварелисти на почетокот од XX век. Швракиќ кој што спаѓа меѓу првите академски сликари и пионери на модерното босанскохерцеговачко сликарство, своето ликовно образование го стекнува прво во Белград, а подоцна и на академијата во Прага.

Тој заедно со Перо Поповиќ и Бранко Радуловиќ, во 1907 година во Сараево ја организираат првата ликовна изложба во историјата на босанскохерцеговачкото сликарство, а својата втора изложба по три години Швракиќ ја приредува во родниот град. По повод стогодишнината од овој настан, во 2010 година во Приедор е одржана изложбата „Тодор Швракиќ - сто години подоцна“.

Во овој напис ви претставуваме едно негово дело со мотив од Македонија. Се работи за акварел од овој познат босанскохерцеговачки уметник на којшто е прикажан скопскиот Куршумли Ан.

Александар Стеванов